РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-498/1
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2444/1 од 10.09.2025 година, оформен по доставена пријава против директорот на ------- ------------ ------------, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба при распределбата на часовите по наставниот предмет македонски јазик и литература за учебната 2025/2026 година, како и сомневање за избор на член во училишниот одбор на предметното училиште, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи и не констатирал повреда на закон.

Предметот со број 12-2444/1 од 10.09.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 10.09.2025 година, доставена е пријава против директорот на ------- ------------ ------------, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба, и оформен е предмет број 12-2444/1 од 10.09.2025 година.
Во пријавата се укажува на сомневање за преземени незаконски дејствија од страна на директорот на предметното училиште при распределбата на часови по наставниот предмет македонски јазик и литература за учебната 2025/2026 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ и побара да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе надзор по однос на предметните наводи, како и да достави

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Записник/ Извештај од истиот со известување за евентуално дополнително преземени мерки од нивна надлежност.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од прибавената документација констатирано е следното:

Државниот просветен инспекторат на РСМ, постапил по барањето на ДКСК и од страна на државен просветен инспектор од ------- бил извршен вонреден инспекциски надзор на ------- --- --------- ------------, општина -------- ---------, кое претставувало централно училиште со пет подрачни училишта кои биле просторно оддалечени по неколку километри. Дополнително, инспекторот известува дека за учебната 2025/2026 година имало 28 наставни часа по македонски јазик, два помалку од причина што во седмо одделение имало намалување за 1 час спрема минатата учебна година.
По однос на наводите од пријавата просветниот инспектор констатирал дека директорот на училиштето часовите по македонски јазик ги распределил во согласност со своите службени овластувања дадени во член 133 став 1 алинеја 10 од Законот за основно образование. Во однос на вториот навод, кој се однесува за сомневање за избор на член во училишниот одбор, државниот просветен инспектор констатирал дека избраното лице било од редот на наставниците на наставничкиот совет и дека изборот на истото бил спроведен во согласност со членот 107 став 1 од Законот за основно образование.
Државниот просветен инспектор, при надзорот констатирал и дека имало промена во договорот за вработување, па по тој основ предметот го препратил до Државен инспекторат за труд од причина што ова прашање било од законот за работни односи за кој надлежност за постапување имал овој инспекторат. Државниот инспекторат за труд ја вратил пријавата до Државниот просветен инспектора на надлежност и постапување, на ден 16.12.2025 година.

Имајќи го во предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека за случајот постапил друг надлежен орган и не констатирал повреда на закон. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,Советник
Контролирал Ј.Ц, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.Ц Член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk